РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"РАМПО ЛЕВКАТА"
Бр 03 – 198/2
Прилеп 01.06 2022 год.

# ИЗВЕШТАЈ

## од САМОЕВАЛУАЦИЈА

## на ООУ„РАМПО ЛЕВКАТА“ ПРИЛЕП



**ПРИЛЕП 2022 г.**

Scanned with CamScanner

# ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО

## 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Самоевалуацијата е темел за автономијата на училиштето во планирањето, организирањето и реализирањето на новите приоритетни активности и овозможува да се добие реална слика за училиштето преку анализа на состојбата. Сето тоа е во функција на понатамошно унапредување, осовременување и надминување на постоечките недостатоци, а од друга страна зацврснување на јаките страни

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

### 1.1. Цели на самоевалуацијата:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

Scanned with CamScanner

Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

**Кој ќе има полза од самоевалуацијата?**

- **Учениците** ќе имаат квалитетна настава, ќе имаат квалитетна комуникација и подобра мотивација во наставниот процес;
- **Наставниците** организирано ја зголемуваат и унапредуваат методско-дидактичката автономија на професионален план при усовршување на наставниот процес, ги развиваат можностите за поттикнување на квалитет во сопственото работење и поучување во училиштето;
- **Училиштето** од севкупното препознавање на компонентите во системот на доживотното учење, самостојно ги разграничува и класификува позитивните и негативните страни. Од добиената анализа го креира и унапредува сопствениот развој на квалитетот на наставниот процес;
- **Пошироката општествена заедница** има придобивки од квалитетното образование во училиштето. Подигнато е нивото на квалитетот на знаења и способности на корисниците на услугите од страна на локалниот бизнис сектор, услужните дејности и другите организации и поединци. Општествената средина ги поттикнува и мотивира младите за стекнување на знаења, вештини и способности во наставата и учењето.

Scanned with CamScanner

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
| --- | --- |
| Наставни планови и програми | ➢ Реализација на наставните планови и програми<br>➢ Квалитет на наставните планови и програми<br>➢ Вонннаставни активности |
| Постигања на учениците | ➢ Постигања на учениците<br>➢ Задржување/осипување на учениците<br>➢ Повторување на учениците учениците |
| Учење и настава | ➢ Планирање на наставниците<br>➢ Наставен процес<br>➢ Искуства на учениcит од учењето<br>➢ Задоволувања на потребите на учениците од наставата<br>➢ Оценување како дел од наставата<br>➢ Известување за напредокот на учениците |
| Поддршка на учениците | ➢ Севкупна грижа за учениците<br>➢ Здравје<br>➢ Советодавна помош<br>➢ Следење на напредокот |
| Училишна клима и односи во училиштето | ➢ Училишна клима и односи во училиштето<br>➢ Промовирање на постигањата<br>➢ Еднаквост и правичност<br>➢ Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| Ресурси | ➢ Сместување и просторни капацитети<br>➢ Наставни средства и материјали<br>➢ Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>➢ Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>➢ Финансиско работење во училиштето |
| Управување, раководење и креирање политика | ➢ Управување и раководење со училиштето<br>➢ Цели и креирање на училишната политика<br>➢ Развојно планирање |

Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. **Весна Цакоска Насеска, педагог**
2. **Тања Илијоска,предметен наставник**
3. **Весна Трајковска, предметен наставник**
4. **Билјана Илиоска, одделенски наставник**
5. **Александра Стојаноска, родител**

### Идентификациони податоци на училиштето

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на училиштето | ООУ„Рампо Левката“ Прилеп | | |
| Локација на училиштето | Ул.„Цар Самоил„ 1 а Прилеп | | |
| Контакт информации | Телефон | Факс | E -mail |
| | 048 422 377 | 048 422 377 | rampolevkata@gmail.com |
| Директор на училиштето | Жарко Бабаноски | | |
| Број на паралелки | 33 | | |
| Број на ученици во учебната 2021/2022 г. | 614 | | |
| Број на вработени | 57 | | |
| Подрачни објекти | С .Селце | | |

Scanned with CamScanner

## Лична карта на училиштето

ООУ „Рампо Левката„ Прилеп е воспитно образовна институција која работи како централно основно училиште во зграда во која се изведува настава од I до IX одделение.Училиштето името го добило по народниот херој Рампо Левката , активен учесник во борбата против бугарскиот окупатор, кој својот млад живот го вгради во темелите на слободата за својата родна земја.ООУ. “Рампо Левката” е централно училиште. Наставата се изведува во две згради. Централната зграда се наоѓа на ул: “Цар Самоил” бр: 1а, Месната Заедница “Корзо”. Објектот е наменски изграден во 1964 година и ги задоволува потребите за современа (кабинетска) настава. Затоплувањето се врши со сопствен систем на централно греење, на течно гориво – нафта. Системот на парно греење односно парните котли се дотраени и според мислењето на стручните лица истите треба да бидат во најскоро време заменети со нови. До оваа зграда има асфалтиран спортски полигон со површина од 3865 м$^2$.

Втората зграда се наоѓа во с.Селце. Во неа се изведува настава со ученици од 2 комбинирани паралелки од I, II, III и IV,V одделение. Едната училница има површина од 40 м$^2$ а другата училница е со површина од 20 м$^2$. Затоплувањето се врши на класичен начин со печки со дрва.

## Мисија на училиштето

Оспособување на младите за работа и живот, поттикнување на индивидуалниот развој на учениците и наставниците користејќи современа образовна технологија, создавање на позитивна клима за меѓуетничка толеранција и почитување

## Визија на училиштето

Училиште со високи стандарди и критериуми за воспитание и образование кои значат инспиративна и поттикнувачка училишна средина за ученикот и гарантираат успех.

Scanned with CamScanner

# ТИМОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

Рената Тодороска Колароска
Елеонора Гешоска
Гоце Петровски
Габриела Салатоска
Мариче Кусибојовска

## Подрачје 2: Постигања на учениците

Мимоза Димеска
Билјана Ацеска
Чона Макеска
Мери Свеќароска
Николина Николоска

## Подрачје 3: Учење и настава

Тања Илијоска
Наташа Блашкоска
Ивона Ѓорѓиоска Ристеска
Христина Макалоска
Емилија Божиноска

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

Билјана Илиоска
Весна Трајковска
Снежа Ѓорѓиоска
Златко Алексоски
Анета Беличоска

## Подрачје 5: Клима во училиштето

Ивана Јолеска
Ристо Јачев
Александра Јолеска Цингоска
Наташа Петкоска
Соња Блажеска

## Подрачје 6: Ресурси

Бисера Вишиноска
Анета Мицеска
Наталија Ристеска
Зоранчо Бошкоски
Љупка Митревска

## Подрачје7: Раководење, управување и креирање политика

Катерина Чавлеска Трпкоска
Верица Апостолоски
Дафина Самарџиоска
Ангелка Ѓорѓиоски
Роберт Ристевски

Scanned with CamScanner

## Подрачје бр.1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставни планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставните планови и програми на децата со посеби образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |

Scanned with CamScanner

| | | |
|---|---|---|
| 1.3 | Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активност<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| **Клучни јаки страни** | | ❖ Целосна реализација на наставните планови и програми одобрени од МОН и во нивниот контекст изработени стандарди;<br>❖ Прилагодување на реализацијата на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина;<br>❖ Изработка на Ииндивидуални образовни планови за учениците со попреченост,како и модифицирани програми( зависно од стручната проценка на ученикот според МКФ) кои вклучуваат адаптации и воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето;<br>❖ Позитивен однос на сите фактори во воспитно-образовниот процес на училиштето кон севкупните промени и усовршување на образованието и воспитанието;<br>❖ Примена на современи наставни методи и форми во кои што до израз доаѓа индивидуалноста на секој ученик;<br>❖ Целосна поддршка за осовременување на наставните планови и програми од страна на стручната служба и советниците од БРО;<br>❖ Следење на развојот на учениците и нивните способности со примена на адекватни инструменти;<br>❖ Воннаставни активности со рамноправно вклучување на двата пола во зависност од нивните афинитети и способности;<br>❖ Реализирање на содржини за односите меѓу половите, репродуктивно здравје, болести ХИВ, СИДА и зависности од дрога, Ковид 19 и сл. |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | ❖ Учество на натпревари(општински,регионални,државни) и афирмација на училиштето;<br>❖ Вклученост на училиштето во проекти одобрени од МОН и БРО;<br>❖ Соработка со родителите, почитување на нивното мислење и вклучување во животот и работата на училиштето; |
| **Слабости** | • Обуки за работа со талентирани ученици,современи методи и техники на работа и други во согласност со барањата на новите наставни програми<br>• Обемноста на програмите, големиот број часови неделно и недоволно време за вежби (фактори кои не зависат од нас), а ги оптоваруваат учениците<br>• Потреба од современи нагледни средства и помагала во согласност со потребите и новите наставни програми<br>• Поголема вклученост на учениците во изборот на вонаставните активности |
| **Идни приоритетни активности** | • Обуки на наставниците за унапредување на професионалниот развој( современи методи и техники на работа, работа со талентирани ученици и сл)<br>• Збогатување на постоечките реквизити и нагледни средства според потребите на училиштето. |

**Подрачје бр 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Бр | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети, квалификациони периоди и јазикот на наставата<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на наставата<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби |

Scanned with CamScanner

| | | |
|---|---|---|
| | | • Подобрување на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| 2.2 | Задржување/осипување на учениците | • Опфат на учениците<br>• Редовност на наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
| **Клучни јаки страни** | | - Училиштето редовно ги следи постигањата на учениците преку изготвување на периодични, полугодишни и годишни извештаи по пол<br>- Дополнителната и додатната настава редовно се одржуваат<br>- Подеднакво се вклучени учениците од различен пол и со различен успех во изработка на дадени проекти<br>- Проектите најчесто се со истражувачки елементи<br>- Голем број ученици се вклучени во вонаставни активности, со подеднаква застапеност на обата пола<br>- Тимската работа на наставниците и соработка со стручните служби е на задоволително ниво<br>- Пофалбите се користат како начин на мотивирање<br>- Стручните активи меѓусебно соработуваат<br>- Училиштето има разработено методологија за поддршка на учениците со посебни образовни потреби и потешкотии |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | - Училиштето има стратегија за афирмација на постигнатите резултати<br><br>- Учениците кои учествуваат на разни натпревари и во слободни ученички активности се стекнуваат со голем број општински, регионални и републички награди.<br><br>- Училиштето е вклучено во Еразмус програмата К 1 и Еразмус -1 дел:„Технологијата ,твојот пријател“ |
| **Слабости** | - Редовно ажурирање на компјутерскиот систем<br><br>- Обемност на програмата и недоволно време за вежби<br><br>- Континуирано дополнување на вештините на наставниците за работа со талентирани ученици и ученици со попреченост<br><br>- Нема Web – страна која ќе му служи како помош на учениците во воспитно-образовниот процес |
| **Идни приоритени активности** | - Континуирани обуки за стекнување со поголеми вештини за работа со талентирани ученици и ученици со попреченост<br><br>- Поголема поддршка и коресподенција со МОН и БРО при изготвување на наставните планови и програми<br><br>- Училиштето да изработи Web- страна во која ќе се промовираат постигањата на учениците и афирмација на работата на училиштето. |

**Подрачје бр 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Ниво при евалуација :Многу добро**

| Бр | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |

Scanned with CamScanner

| | | |
|---|---|---|
| 3.2 | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи , активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценување како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информации од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| | |
|---|---|
| **Клучни јаки страни** | ☐ Во училиштето редовно се изработуваат наставните планови и програми , како и тематските, месечни и дневни планирања;<br>☐ Во целост се реализира наставната програма по сите наставни предмети;<br>☐ Се применуваат најразновидни современи форми и методи во наставата;<br>☐ Постои договорна пропишана интерна процедура за следење на планирањето на наставниците;<br>☐ Се применува инструменти за следење и вреднување на планирањето и подготовките на наставен час;<br>☐ Редовно се применува формативното оценување; |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | ☐ При оценувањето се користат критериуми и стандарди за оценување;<br>☐ Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи во училиштето ;<br>☐ Одржувањето на доплонителна и додатна настава покажува позитивни резултати;<br>☐ Слободните ученички активности ги мотивираат учениците;<br>☐ Учениците учествуваат на литературни и ликовни конкурси, како и на спортски натпревари и натпревари на знаења;<br>☐ Учениците учествуваат во различни воннаставни активности на кои го претставуваат училиштето;<br>☐ Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца ;<br>☐ Соработката со родителите во разни наставни и воннаставни активности;<br>☐ Соработката со локалната средина овозможува полесно совладување на одредени содржини;<br>☐ Инклузија во наставата, прифаќање на учениците, соработка со семејството и желбата на наставниците за постигнување успех и напредок на учениците со попреченост и со потешкотии.<br>☐ Грижата за здравјето на учениците и соработката со здравствени институции придонесува за намалување на отсуство поради здравствени причини;<br>☐ Успешно се спроведени и се спроведуваат активности од проекти и програми во кои е вклучено училиштето; |
| **Слабости** | ☐ Потребна е поголема поддршка и коресподенција со МОН и БРО при изготвување на наставните планови и програми годишни планирања и по сите наставни предмети и посеопфатна поддршка на наставниците<br>☐ Недостиг на техничка опрема – секоја училница да биде опремена со смарт табли, класичните табли да бидат заменети со бели табли и маркери за пишување, компјутерите во кабинетот по информатика да бидат заменети со нови PC или лап-топ компјутери и софтвер |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | за работа на истите, медијатека.<br><br>-Едукација на нововработените наставници за работа со ученици со попреченост (обуки за различни видови на попреченост во континуитет)и за нови наставни форми и техники |
| **Идни приоритени активности** | - Набавка на техничка опрема (смарт табли,медијатека,опремување кабинетот по информатика со нови PC или лап-топ компјутери)<br><br>- Едукација на новоработените наставници за работа со ученици со попреченост (обуки за различни видови на попреченост во континуитет), талентирани ученици и за нови наставни форми и техники. |

**Подрачје бр.4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Бр | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| 4.3 | Советодавна помош за | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, |

Scanned with CamScanner

| | | |
|---|---|---|
| | понатамошно образование на учениците | доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| 4.4 | Следење на напредокот | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| **Клучни јаки страни** | | • Училиштето активно соработува со родителите и со други служби и институции во локалната заедница, МОН, Локална Самоуправа, БРО, Невладини организации и сл.<br>• Континуирано се набавуваат нагледни средства во предметна и одделенска настава (компјутери, смарт табли, ТВ, таблети, и други нагледни средтва за успешно реализирање на наставата по новата концепција во прво и четврто одделение)<br>• Дворот на училиштето е чист, се собираат сите видови на отпадоци, а дел од земјената површина е обработена и средена со посеана трева и насадени зимзелени дрва, поставен е летниковец, клупи и нишалки и корпи за отпадоци.<br>• Во училниците од првиот кат каде учат најмалите и во кабинетот по Хемија поставени нови чешми за одржување на редовна хигиена на учениците., како и соодветно изведување лабораториски вежби и експерименти по предметот Хемија.<br>• Изграден е спортски терен пред спортската сала кој што е во склоп на училишниот двор.<br>• Училиштето ги следи и оценува емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Има програма за грижа на здравјето на учениците. Педагошко-психолошката служба во училиштето е секогаш отворена за соработка со ученици, родители и наставници.<br>• Во училиштето има училишен инклузивен тим којшто се состои од педагог, дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор), двајца родители и двајца наставници, а исто така има и инклузивни тимови за ученици во којшто членуваат дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор), педагог, сите наставници којшто му предаваат на ученикот, родител на ученикот, а за прв пат оваа година и двајца образовни асистенти кој се ангажирани преку Ресурсен центар „Кочо Рацин„ Битола. Училиштето од учебната 2021/22 година остварува соработка со центар за подршка „Климент Охридски„ Прилеп и за прв пат се реализира модифицирана програма за ученик со попреченост. Бројот на ученици со попреченост во учебната 2021/2022 година е 5(пет) од кои двајца се со стручна проценка |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | од МКФ, а за останатите во тек е постапката за стручна проценка.Има изработено Индивидуален образован план за секој ученик со ПОП прилагоден на индивидуалните карактеристики на учениците. |
| **Слабости** | • Потреба од поголем степен на хигиена во училиштето,градење хигиенски навики кај учениците за поголема општа хигиена, реновирање на тоалетите и канализационата мрежа.<br>• Потреба од континуирани обуки за професионално усовршување во согласност со потребите на наставниците и нивниот личен професионален развој |
| **Идни приоритетни активности** | Поголема здравствена едукација за учениците преку предавања, работилници и подобрување на општата хигиена во училиштето<br><br>Континуирани обуки за професионално усовршување на наставниот кадар од акредитирани провајдери |

**Подрачје бр.5 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

| **Број:** | **Индикатор за квалитет:** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **5.1** | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |

Scanned with CamScanner

| | | |
|---|---|---|
| 5.3 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
| **Клучни јаки страни** | | ✓ Училиштето работи според дадената Годишна програма за работа.<br>ИНТЕРЕН АКТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО<br>✓ Има подготвено куќен ред и кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури на училиштето<br>✓ Во услови на пандемијата со Ковид ,во училиштето се почитуваа сите протоколи за безбедно одвивање на нвоспитно образовниот процес<br>✓ Ученичкиот парламент успешно функционира<br>✓ Се применува правилникот за изрекување педагошки мерки<br>✓ Постои еднаков и правичен однос кон учениците од различна полова, етничка припадност и социјална припадност<br>✓ Познавање и почитување на правата на децата<br>✓ Промовирање на постигањата на учениците.<br>✓ Соработка меѓу колегите, стручната служба и другите структури во училиштето.<br>✓ Компјутери за учениците и наставниците.<br>✓ Соработка со локалната заедница.<br>✓ Соработка со невладиниот сектор.<br>✓ Редовно информирање на родителите и наставниците.<br>✓ Учество на општински, регионални и државни натпревари и освојување на награди.<br>✓ Мотивирање на учениците од страна на наставниците.<br>✓ Успешна инклузија на децата со попреченост. |
| **Слабости** | | ✓ Повеќе активности за промовирање на мултикултурализмот и проекти со партнер училиштето<br>✓ Недостаток на веб страна на училиштето<br>✓ Интензивирање на соработка со бизнис заедницата во градот и локалната заедница |
| **Идни приоритетни активности** | | ✓ Воспоставување соработка со училиште надвор од границите на нашата држава со цел размена на искуства и идеи и сл.(проширување на проекти од Еразмус програма и др),<br>✓ Заеднички проекти со партнер училиштето<br>✓ Интензивирање на соработката со бизнис заедницата и невладиниот сектор |

Scanned with CamScanner

**Подрачје бр. 6 : РЕСУРСИ**

| Бр | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |
| **Клучни јаки страни** | | • Местоположбата на училиштето.<br>• Добрата организација.<br>• Честите изложувања на творби на учениците,<br>• Односот родител- наставник. |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | • Наставниците изработуваат личен план за професионален развој<br>• Ангажираноста на наставниците и соработката со родителите<br>• Квалитетот ,искуството на персоналот со тендеција за постојано професионално усовршување·<br>• Програма за стручно и методско – педагошко ангажирање на наставници, стручните работници и раководниот кадар.<br>• Добрата информираност за финансиското работење. |
| **Слабости** | • Голема потрошувачка на постоечките котли<br>• Собирање на атмосферската вода.<br>• Набавка на спортски реквизити.<br>• Заменување на старите табли и креди со нови современи.<br>• Шкафови во училниците за чување на нагледен материјал<br>• Дополнителни ресурси за работа со учениците со попреченост<br>• Дополнување на постоечките нагледни средства со нови во зависност од потребите на наставниците<br>• Збогатување на библиотеката со нова литература |
| **Идни приоритетни активности** | • Набавка на нови нагледни средства во зависност од потребите на наставниците и спортски реквизити<br>• Збогатување на училишната библиотека со нова литература<br>• Замена на котлите за парно греење со нови<br>• Заменување на старите табли со нови современи |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | |

## Подрачје бр. 7 : УПРАВУВАЊЕ ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

| Бр | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| 7.2 | Цели и креирање на училишна политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално технички средства<br>• Инфраструктура |
| **Клучни јаки страни** | | Раководењето и управувањето на училиштето е во согласност со Статутот на училиштето и со деловникот за работа на УО. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето,знае како да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа.<br>- Вработените активно учествуваат во креирањето на училишната политика и ги зема во |

Scanned with CamScanner

| | |
|---|---|
| | предвид размислувањата на родителите и учениците.<br>- Училиштето,односно,раководниот орган организира стручно усовршување на кадарот со подготвена програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување.<br>- Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени средства како и средства од донатори и родители. |
| **Слабости** | - континуирано осовремување на ИКТ опремата, опремување на кабинети по сите предмети<br>- континуирани обуки за новите членови на УО за нивно поуспешно вклучување во работата на училиштето.<br>- континуирано вложување во подобрување на инфраструктурата во училиштето согласно потребите<br>- Голема потриошувачка на ел. енергија заради отсуство на термофасада<br>- Дотраеност на висечките скалила |
| **Идни приоритетни активности** | - Монтажа на фотоволтаици, термофасада<br>- Реконструкција на главни висечки скалила<br>- Замена на постоечката ограда во п.у. во с Селце со нова<br>- Одржувањето на хигиената во училиштето да биде на повисоко ниво<br>- Да се организираат континуирани обуки за новите членови на УО, за нивно поактивно вклучување во работата на училиштето;<br>- Активно вклучување на вработените, родителите и учениците во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето;<br>- Континуирано учество на наставниот кадар на обуки за професионално усовршување организирани од страна на БРО или акредитирани провајдери.<br>- Обезбедување на финансиски средства за одржување на постоечките и обезбедување на нови нагледни средства преку донации, сопствени средства или аплицирање на проекти |

Scanned with CamScanner

Мај 2022 година

Прилеп

в.д. Директор

Жарко Бабаноски

Scanned with CamScanner